# О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

12 декември 2025 година, Гевгелија | Број 24 Година XLIV

Содржина

страна

1073 .Заклучок за утврдување на Нацрт-Буџетот на Општина Гевгелија за 2026 год.----------------04

1074 .Програма за измени и дополнување на Програмата за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на Општина Гевгелија за 2025 година------------------------05

1075 .Одлука за давање на трајно користење, одржување и управување на доградбата на објектот "Сончогледи" во Гевгелија на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка "Детска радост" – Гевгелија-----------------------------------------------------------------------------------------07

1076 Одлука за утврдување на предлогот за воспоставување меѓуопштинска соработка----------09

1077 Одлука за прифаќање на Иницијатива за изработка на Измена и дополна на Урбанистички план за село Моин, општина Гевгелија--------------------------------------------------------------------10

1078 Одлука за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2025 година-------------------------------------------------------------------------12

1079 Решение за усвојување на Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување на СОУ "Јосиф Јосифовски" – Гевгелија за 2025 година---------------------------------------------13

1080 Решение за формирање Комисија за изработка на Програмата за работа на Советот на Општина Гевгелијаза 2026 година------------------------------------------------------------------------14

1081 Решение за формирање Комисија за селекција за избор на членови во Управниот и Надзорниот одбор на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија-------------------------------------------------15

1082 Решение за разрешување членови во Училишниот одбор на СОУ "Јосиф Јосифовски" – Гевгелија-------------------------------------------------------------------------------------------------------- 17

1083 Решение за именување членови во Училишниот одбор на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија-------------------------------------------------------------------------------------------------------- 18

1084 Решение за разрешување членови во Управниот одбор на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија"- Гевгелија-----------------------------------------------------------------------------20

1085 Решение за именување членови во Управниот одбор на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија"- Гевгелија---------------------------------------------------------------------------------------21

1086 Решение за разрешување членови во Управниот одбор на ЈОУ Дом на културата "Македонија"- Гевгелија----------------------------------------------------------------------------------------22

1087 Решение за именување членови во Управниот одбор на ЈОУ Дом на културата "Македонија"-Гевгелија---------------------------------------------------------------------------------------------------------23

1088 Решение за разрешување членови во Управниот одбор на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито"- Гевгелија------------------------------------------------------------------------------------------------24

1089 Решение за именување членови во Управниот одбор на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито"- Гевгелија------------------------------------------------------------------------------------------------26

1090 Решение за разрешување членови во Управниот одбор на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" – Гевгелија--------------------------------------------------------------------------------------------------------27

1091 Решение за именување членови во Управниот одбор на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија--------------------------------------------------------------------------------------------------------28

1092 Решение за разрешување членови во Управниот одбор на ЈОУДГ "Детска радост"--------29

1093 Решение за именување членови во УО на ЈОУДГ "Детска радост"- Гевгелија----------------31

1094 Решение за разрешување членови во Одборот за надзор за вршење на внатрешната контрола на материјално-финансиското работење ЈОУДГ "Детска радост" – Гевгелија---32

1095 Решение за именување членови во Одборот за надзор за вршење на внатрешната контрола на материјално-финансиското работење ЈОУДГ "Детска радост" – Гевгелија-----------------33

1096 Решение за разрешување членови на Управниот одбор на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија-35

1097 Решение за разрешување членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија--------------------------------------------36

1098 Решение за разрешување член во Општинската комисија за проценка и утврдување на висината на штетите предизвикани од елементарни непогоди во општина Гевгелија-------37

1099 Решение за именување член во Општинската комисија за проценка и утврдување на висината на штетите предизвикани од елементарни непогоди во општина Гевгелија-------38

1100 Решение за разрешување член во Локалната комисија за борба против недозволена трговија со луѓе и илегална миграција во општина Гевгелија-----------------------------------------------------39
1101 Решение за именување член во Локалната комисија за борба против недозволена трговија со луѓе и илегална миграција во општина Гевгелија-----------------------------------------------------41
1102 Одлука за исплата на финансиска помош за лицето Михаела Митровска за медицински третман и лекување во странство-----------------------------------------------------------------------------42
1103 Одлука за давање на времено користење недвижна ствар во општинска сопственост на државен орган----------------------------------------------------------------------------------------------------43

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за утврдување нацрт Буџет на Општина Гевгелија за 2026 година**

Се објавува Заклучокот за утврдување нацрт Буџет на Општина Гевгелија за 2026 година ,што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 10.12.2025 година.

Бр.08-1666/2
12.12.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 89 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 10.12.2025 година, по расправата за Нацрт-Буџетот на Општина Гевгелија за 2026 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за утврдување нацрт Буџет на Општина Гевгелија за 2026 година**

1.Се утврдува Нацрт-Буџетот на Општина Гевгелија за 2026 година.

2.Нацрт-Буџетот на Општина Гевгелија за 2026 година се става на јавна расправа и ќе се објави на ВЕБ-страната на Општина Гевгелија.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09- 1634/1
10.12.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Анета Стамкова с.р.**

------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програмата за измени и дополнување на Програмата за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на Општина Гевгелија за 2025 година**

Се објавува Пограмата за измени и дополнување на Програмата за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на Општина Гевгелија за 2025 година, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 10.12.2025 година.

Бр.08-1666/3
12.12.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

**-----------------------------------------------------------**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 7 став (3) од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/24 и 132/25), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 10.12.2025 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за измени и дополнување на Програмата за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на Општина Гевгелија за 2025 година**

1. Во Програмата за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2025 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.1/25 година), Програмата за измени и дополнување на Програмата за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на Општина Гевгелија за 2025 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.10/25) и Програма за измени и дополнување на Програмата за финансирање програми и проекти од културата од интерес на Општина Гевгелија за 2025 година“ бр.22/25), се вршат следниве измени и дополнувања:

Во табеларниот приказ насловен „Проект од национален интерес, манифестација *Гевгелија град на култура за 2025 година*“:

- колоните под реден бр.60 („Носител- Национална галерија“, „Активност- Ликовна *изложба од македонскиот цртеж*“, „Средства- 60.000 денари“ и „Финансирање- МКТ“) се бришат;

- под реден бр.63, колона „Носител“- „ЈОУ Дом на култура *Македонија*- Гевгелија“, во колоната „Активност“ зборовите „Џаџеви денови“ се заменуваат со „Филмска адаптација *Русалии“.* Во колоната „Средства“ износот „100.000 денари“ се менува и гласи „30.049 денари“;

- под реден бр.65, колона (Носител) „Национална галерија“, колона (Активност) „Изложба- Жанр сцени“, во колоната „Средства“ износот „70.000 денари“ се менува и гласи „162.803 денари“;

- колоните под реден бр.68 и 69 („Носител“- „Национална опера и балет“, „Активност- *Кармина Бурана и Премиерна балетска претстава*“, „Средства- 425.000 денари“ и „Финансирање- МКТ“) се бришат;

- под реден бр.70, колона (Носител) „Национална галерија“, колона (Активност) „Изложба *По трагите на водата- Акварел*“, во колоната „Средства“ износот „70.000 денари“ се менува и гласи „114.802 денари“;

- под реден бр.72 (колона „Носител“- „НУ Драмски театар“) во колоната „Активност“ зборовите „Театарска претстава мојот маж“ се заменува со зборовите „Чудесна терапија“. Во колона „Средства“ износот „180.000 денари“ се менува и гласи „82.000 денари“. Во колона „Финансирање“ зборот „ОГ“ се брише;

- под реден бр.75, колона „Носител“- „Национална галерија“, колона „Активност“- „Изложба на Кирил Геговски“, во колоната „Средства“ износот „65.000 денари“ се менува и гласи „34.951 денари“;

- колоните под реден бр.78 („Носител“- „Национална опера и балет“, „Активност“- „Гала оперски концерт“, „Средства“- „254.400“ и „Финансирање“- „МКТ“ се бришат;

- по реден бр.81, се додава реден број 82, во колоната „Носител“ се додаваат зборовите „Здружение за култура и изведувачки уметности Гудачки оркестар „Ајга“- Скопје“. Во колоната „Активност“ се додаваат зборовите „Концерт на *Ајга* со солисти Ана и Игор Дурловски“. Во колона „Средства“ се додава износот „764.400 денари“, а во колоната „Финансирање“ се додава зборот „МКТ“;

- ро реден број 82, се додава реден број 83, во колоната „Носител“ се додаваат зборовите „Association for Culture & Arts ASTERFEST FILM FESTIVAL“- Скопје“. Во колоната „Активност“ се додаваат зборовите „ASTERFEST ревија на филмови“. Во колона „Средства“ се додава износот „34.995 денари“, а во колоната „Финансирање“ се додава зборот „МКТ“;

- согласно измените, редните броеви почнувајќи од 61 се менуваат.

Бр.09-1635/1
10.12.2025 г.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Анета Стамкова с.р.**

----------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за давање на трајно користење, одржување и управување на доградбата на објектот „Сончогледи“ во Гевгелија на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Детска радост“- Гевгелија**

Се објавува Одлуката за давање на трајно користење, одржување и управување на доградбата на објектот „Сончогледи“ во Гевгелија на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Детска радост“- Гевгелија , што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 10.12.2025 година.

Бр.08-1666/4
12.12.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

--------------------------------------------------------

Врз основа на член 44 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на Република Македонија" број 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 101/19, 275/19, 122/21 и 193/25), член 36 став (1) точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 202/24) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 10/08, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21), Советот на Општина Гевгелија на седницата, одржана на 10.12.2025 год., донесе

# О Д Л У К А

**за давање на трајно користење, одржување и управување на доградбата на објектот „Сончогледи“ во Гевгелија на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Детска радост“- Гевгелија**

**член 1**

Со оваа Одлука, доградбата на објектот „Сончогледи“ во Гевгелија се дава на трајно користење, одржување и управување на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Детска радост“ Гевгелија.

**член 2**

За доградбата на објектот „Сончогледи“ во Гевгелија, со површина од 1.100 м2 и капацитет за згрижување на 142 деца, се обезбедени средства од Буџетот на Република Северна Македонија и Буџетот на Општина Гевгелија, а е во сопственост на Општина Гевгелија.

**член 3**

Јавната општинска установа за деца- Детска градинка „Детска радост“- Гевгелија е должна при користењето, одржувањето и управувањето со објектот да постапува согласно законските прописи.

За примопредавањето на објектот и опремата во објектот ќе се состави записник.

**член 4**

Јавната општинска установа за деца- Детска градинка „Детска радост“- Гевгелија не може објектот да го дава под закуп и на користење на друго физичко или правно лице и да го става под хипотека.

**член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1636/1 | Претседател
10.12.2025 год. | на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија | **Анета Стамкова с.р.**

---------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлуката за утврдување на предлогот**

**за воспоставување на меѓуопштинска соработка**

Се објавува Одлуката за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 10.12.2025 година.

Бр.08-1666/5
12.12.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

**-----------------------------------------------------------**

Врз основа на член 6 став (1) и (3) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“, бр.79/09и 241/24 год.), член 14 и 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, бр.05/02 и „Службен весник на РСМ“, бр.202/24 год.) и член 11 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21год.),, Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 10.12.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на предлогот**
**за воспоставување на меѓуопштинска соработка**

**Член 1**

Советот на Општина Гевгелија го утврдува Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, поднесен од градоначалникот со број 08-1603/1 од 02.12.2025 година, за Спроведување на Подготовки и преземање мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив; и Противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици (*според член 22, точка 10 и точка 11 од ЗЛС*), помеѓу општините Гевгелија и Богданци.

**Член 2**

Утврдениот предлог од член 1 на оваа одлука, процената за потребата од воспоставување на МОС и мислењето на градоначалникот, се доставува до општината Богданци заради усвојување.

**Член 3**

Ова Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09- 1637/1
10.12.2025 год.
Гевгелија

Претседател
На Советот на Општина Гевгелија,
**Анета Стамкова с.р.**

---------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за прифаќање на Иницијатива за изработка на Измена и дополнување на Урбанистички план за село Моин, општина Гевгелија**

Се објавува Одлуката за прифаќање на Иницијатива за изработка на Измена и дополнување на Урбанистички план за село Моин, општина Гевгелија, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 10.12.2025 година.

Бр.08-1666/6
12.12.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

-------------------------------------------------------

Врз основа на член 62 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РМ" бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија,, бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 година), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 10.12.2025 година донесе

**ОДЛУКА**
**за прифаќање на Иницијатива за изработка на Измена и дополнување на Урбанистички план за село Моин, општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува прифаќање на Иницијатива за изработка на Измена и дополнување на Урбанистички план за село Моин, општина Гевгелија.

**Член 2**

Потребата за изработка на Измена и дополна на Урбанистички план за село Моин, општина Гевгелија се утврдува од поднесената иницијатива од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на РСМ – Управа за водостопанство.

**Член 3**

Средствата за изработка на планската документација од член 1 на оваа одлука ќе се обезбедат од подносителот на иницијативата за што истиот во прилог на барањето има доставено Изјава.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во ,,Службен Гласник на Општина Гевгелија,,.

Бр.09-1638/1
10.12.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Анета Стамкова с.р.**

-------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2025 година**

Се објавува Одлуката за за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2025 година, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 10.12.2025 година.

Бр.08-1666/7
12.12.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

-------------------------------------------------------

Врз основа на член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25“) и член 38 став (1) точка 7 од

Статутот на Општина Гевгелија („Сл. Гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден10.12.2025 година, донесе

# ОДЛУКА

**за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2025 година**

1. Во Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2025 година, се врши следнава измена и дополнување:

Во Глава II, поднасловот 3 – Урбанистички план за село, по точка 3.7 се додаваат уште две точки, и тоа:

3.8 Изработка на Изменување и дополнување на Блок 19 од Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија.

3.9 Изработка на Измена и дополна на Урбанистички план за село Моин.

2. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1639/1
10.12.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Анета Стамкова с.р.**

-------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Решението за усвојувањена Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување на СОУ ″Јосиф Јосифовски“-Гевгелија за 2025 година**

Се објавува Решението за усвојување на Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување на СОУ ″Јосиф Јосифовски“-Гевгелија за 2025 година, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 10.12.2025 година.

Бр.08-1666/8
12.12.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

-------------------------------------------------------

Врз основа на член 20-б став (1) алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор (,,Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и ,,Службен весник на РСМ“ бр.143/19, 14/20, 208/24 и 210/24 г.) и член 38 став (1) алинеа 11 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на ОпштинаГевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на 10.12.2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за усвојување на Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување на СОУ ″Јосиф Јосифовски“-Гевгелија за 2025 година**

1.Со ова Решение се усвојуваат Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување на СОУ ,,Јосиф Јосифовски“ – Гевгелија за 2025 година, со архивски број 01-1318/1 од 18.11.2025 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1640/1
10.12.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Анета Стамкова с.р.**

-------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за формирање Комисија за изработка на Програмата за работа на Советот на Општина Гевгелија за 2026 година**

Се објавува Решението за формирање Комисија за изработка на Програмата за работа на Советот на Општина Гевгелија за 2026 година, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 10.12.2025 година.

Бр.08-1666/9
12.12.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

-------------------------------------------------------

Врз основа на член 40 став (2) од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21год.), и член 125 став (2) и (3) од Деловникот на Советот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.05/07 и 21/07 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 10.12.2025 год., расправајќи по предлогот на Комисијата за прашања на избори и именувања, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за формирање Комисија за изработка на Програмата за работа на Советот на Општина Гевгелија за 2026 година**

1.Со ова Решение се формира Комисија од пет члена за изработка на Програмата за работа на Советот на Општина Гевгелија за 2026 година.

2.За членови на горенаведената Комисија се именуваат:

**-Сара Маркова (претседател),**

**- Игор Илков (член),**

**- Надица Ристовски (член),**

**- Зоран Димитров (член), и**

**- Николчо Петров (член).**

3.Комисијата за изработка на Програмата за работа на Советот на Општина Гевгелија за 2026 година се задолжува да ги собира, анализира и внесува во Програмата сите задачи и работи коишто се поднесени до Советот на Општина Гевгелија од страна на овластените предлагачи.

4.Се задолжува Комисијата за изработка на Програмата за работа на Советот на Општина Гевгелија за 2026 година да ги известува задолжените субјекти да ги достават актите и материјалите од својот делокруг на разгледување и усвојување пред Советот на Општина Гевгелија во зацртаниот рок воПрограмата.

5.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09- 1641/1
10.12.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Анета Стамкова с.р.**

------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија

(„Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за формирање Комисија за селекција за избор на членови на Управниот одбор и Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"-Гевгелија**

Се објавува Решението за формирање Комисија за селекција за избор на членови на Управниот одбор и Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"-Гевгелија , што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 10.12.2025 година.

Бр.08-1666/10
12.12.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

**---------------------------------------------------------**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год. и "Службен весник на РСМ" бр.202/24 год.), член 17-а став (4) и член 26-а од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96...... 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19 .....193/25 год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 10.12.2025 год., донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за формирање Комисија за селекција за избор на членови на Управниот одбор и Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"-Гевгелија**

1.Со ова Решение се формира Комисија од шест члена (три члена и три заменици-членови) за селекција за избор на членови на Управниот одбор и Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"-Гевгелија.

.

2.За членови на горенаведената Комисија се именуваат:

**-Оливера Крстова, вработен во Општина Гевгелија (претседател),**
**-Наташа Шуклева, вработен во Општина Гевгелија (заменик-претседател),**
**-Томе Јанкуловски, вработен во Одделението за управување со човечки ресурси во Општина Гевгелија (член),**
**-Весна Хаџикојчева, вработен во Одделението за управување со човечки ресурси во Општина Гевгелија (заменик член), и**
**-Сава Чурлинова-Костова, вработен во ЈПКД "Комуналец" - Гевгелија (член),**
**-Вера Митрова, вработен во ЈПКД "Комуналец" - Гевгелија (заменик член),**

3.Комисијата од член 1 на ова Решение е должна да ја спроведе постапката за селекција на кандидати по објавениот Јавен повик за пројавување интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Управниот одбор и Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"-Гевгелија, во согласност со Законот за јавните претпријатија и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на Управниот и надзорниот одбор на јавното претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите.

4.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1642/1
10.12.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Анета Стамкова с.р.**

-----------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за разрешување членови во Училишниот одбор на Средното општинско училиште"Јосиф Јосифовски" – Гевгелија, како претставници на општината**

Се објавува Решението за разрешување членови во Училишниот одбор на Средното општинско училиште"Јосиф Јосифовски" – Гевгелија,како претставници на општината , што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 10.12.2025 година.

Бр.08-1666/11
12.12.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

**-------------------------------------------------------**

Врз основа на член 88 од Законот за средното образование ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 67/17 и 64/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 229/20 и 78/25год.) и член 38 став (1) точка 28 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 10.12.2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за разрешување членови во Училишниот одбор**
**на Средното општинско училиште"Јосиф Јосифовски" – Гевгелија,**
**како претставници на општината**

1.Во Училишниот одбор на Средното општинско училиште"Јосиф Јосифовски"- Гевгелија се разрешуваат три члена како претставници на општината, поради истек на четиригодишниот мандат, и тоа:

-Далиборка Костадинова од Гевгелија, со завршена ВСС.
-Павлинка Ичева од Гевгелија, со завршена ВСС – дипл. професор по одделенска настава,
-Розита Андонова од Гевгелија, со завршена ВСС – дипломиран психолог.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09- 1643/1
10.12.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Анета Стамкова с.р.**

---------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија

(„Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за именување членови во Училишниот одбор на Средното општинско училиште"Јосиф Јосифовски" – Гевгелија, како претставници на општината**

Се објавува Решението за именување членови во Училишниот одбор на Средното општинско училиште"Јосиф Јосифовски" – Гевгелија,како претставници на општината , што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 10.12.2025 година.

Бр.08-1666/12
12.12.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

---------------------------------------------------------

Врз основа на член 88 од Законот за средното образование ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13, 67/17 и 64/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 229/20 и 78/25год.) и член 38 став (1) точка 28 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 10.12.2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за именување членови во Училишниот одбор на Средното општинско училиште"Јосиф Јосифовски"-Гевгелија, како претставници на општината**

1.ВоУчилишниот одбор на Средното општинско училиште"Јосиф Јосифовски"-Гевгелија се именуваат три члена како претставници на општината, и тоа:

**-Далиборка Костадинова, дипл.менаџер по бизнис и логистика од Гевгелија,**
**-Спаска Брзилова-Мичова, ВСС-Биотехнички факултет-Битола, од Гевгелија,**
**-Маја Мичова-Ристоска, ВСС – Педагошки факултет – Битола, од Гевгелија.**

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09- 1644/1
10.12.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Анета Стамкова с.р.**

---------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за разрешување членови во Управниот одбор на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија"-Гевгелија**

Се објавува Решението за за разрешување членови во Управниот одбор на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија"-Гевгелија, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 10.12.2025 година.

Бр.08-1666/13
12.12.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

-------------------------------------------------------

Врз основа на член 35, 37 и 38 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр.31/98,49/03,82/05,24/07,116/10…....11/18, 26/2024; 132/2025 год.) и член 38 став (1) точка 28 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 10.12.2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за разрешување членови во Управниот одбор на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија"-Гевгелија**

1.Во Управниот одбор на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија се разрешуваатдва члена претставници на општината, поради истекот на мандатот, и тоа:
-Вера Љатева и
-Марјан Бојевски

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09- 1645/1
10.12.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Анета Стамкова с.р.**

---------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за именување членови во Управниот одбор на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија"-Гевгелија**

Се објавува Решението за именување членови во Управниот одбор на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија"-Гевгелија, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 10.12.2025 година.

Бр.08-1666/14
12.12.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

--------------------------------------------------------

Врз основа на член 35, 37 и 38 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр.31/98,49/03,82/05,24/07,116/10…....11/18 год.) и член 38 став (1) точка 28 од Статутот на

Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 10.12.2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за именување членови во Управниот одбор на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија**

1.Во Управниот одбор на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" - Гевгелија се именуваат:
два члена претставници на општината и тоа:

**-Вера Љатева, дипл.инженер технолог од Гевгелија, и**
**-Марјан Бојевски, ВСС-Факултет за бизнис и логистика, од Гевгелија.**

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1646/1
10.12.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Анета Стамкова**

-----------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија"" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за разрешување на членови во Управниот одбор на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија**

Се објавува Решението за разрешување на членови во Управниот одбор на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 10.12.2025 година.

Бр.08-1666/15
12.12.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

---------------------------------------------------------

Врз основа на член 35, 37 и 38 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр.31/98,49/03,82/05,24/07,116/10…....11/18 год.) и член 38 став (1) точка 28 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 10.12.2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за разрешување на членови во Управниот одбор**
